ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 8 ДАТА 18.05.2016 ГОДИНА 34

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 8 ДАТА 18.05.2016 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ТАБЕЛИ ОД ОПШТИНСКИОТ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-498/5-1
12.05 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против ФК Скопје Скопје, поведе дисциплинска постапка на ден 05.04.2016 година, по што врз основа на член 48 став 1 точка 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, на седницата одржана на 12.05.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. **ФК Скопје од Скопје СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500 (петстотини) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Скопје од Скопје, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Казната тече од 13.05.2016 година.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## Образложение

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, поведе дисциплинска постапка на ден 05.04.2016 година против ФК Скопје Скопје поради слаба организација на натпреварот,влегување на терен од страна на преставник на редарските служби и предизвикување краток прекин на натпреварот помеѓу ФК Скопје од Скопје-КФГ Гостивар АД Гостивар одигран во рамки на 19 коло од Втота МФЛ на ден 26.03.2016 година во 14 часот на игралиште СРЦ Железарница Скопје.

Комисијата на седницата одржана на ден 12.05.2016 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 26.03.2016 година и Делегатски дополнителен извештај.

Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: ФК Скопје Скопје за натпреварот против -КФГ Гостивар АД Гостивар одигран во рамки на 19 коло од Втота МФЛ на ден 26.03.2016 година во 14 часот на игралиште СРЦ Железарница Скопје.

Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба ,во 15 минута од натпреварот дошло до вербален но не и физички дуел помеѓу еден од редарите и дел од играчите на гостинската екипа покрај аут линијата до официјалната влезна врата од теренот на домашната екипа,после оваа ситуација натпреварот продолжил во нормални услови оцени дека е направен прекршок согласно одредбата

од член 48 став 1 точка 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Блерим Бесими с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

**ФК Скопје Скопје**
**АРХИВА НА ФФМ**
**Макфудбал**

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-588/6-1
12.05 2016 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122, член 125 и член 138 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Блерим Бесими – Претседател, Миле Тановски-член и Бранко Здравевски член, постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари против КФГ Гостивар АД Гостивар, поведе дисциплинска постапка на ден 19.04.2016 година, по што врз основа на член 48 став 1 точка 1 алинеа 2 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, на седницата одржана на 12.05.2016 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. КФГ Гостивар АД Гостивар **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500 (петстотини) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** КФГ Гостивар АД Гостивар, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Казната тече од 13.05.2016 година.

4. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари, поведе дисциплинска постапка на ден 19.04.2016 година против КФГ Гостивар АД Гостивар поради фрлање на предмети во терен во тек на игра од страна на домашната публика, за време на одигрување на натпреварот КФГ Гостивар АД Гостивар – ФК Тетекс АД Тетово на ден 19.03.2016 година во 14.00 часот на Градски Стадион Гостивар во рамки на 18 коло Втора МФЛ.
Одлуката со која е покрената дисциплинска постапка против клубот е примена од страна на клубот на ден 26.03.2016 година, и истите во рок од 3 дена не доставиле изјава.
Комисијата на седницата одржана на ден 12.05.2016 година, постапувајќи по пријавата ги разгледа списите во предметот и тоа: Пријава од Комисијата за натпревари, Записник од натпреварот од одигран на ден 19.03.2016 година и Делегатски дополнителен извештај.
Врз основа на списите во предметот, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба:
КФГ Гостивар АД Гостивар за натпреварот против ФК Тетекс АД Тетово на ден 19.03.2016 година во 14.00 часот на Градски Стадион Гостивар во рамки на 18 коло Втора МФЛ имале ангажирано приватна Агенција за обезбедување на лица и имот Вардар од Гостивар. 10 редари биле распоредени на влезовите на стадионот како и на трибинскиот простор. За време на натпреварот во 72 минута и во 90+3 минута од страна на домашната публика беа фрлани пластични шишиња на теренот насочени кон помошниот судија.